**Влада на Република Северна Македонија**

З А П И С Н И К
од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 октомври 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година**

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам,м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Мирослав Лабудовиќ, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи и Методија Ристовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*
*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 октомври 2024 година**

**- Усвојување на Записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2024 година**

1. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 август 2024 година до 11 септември 2024 година

2. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 септември 2024 година до 9 септември 2024 година

3. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 3 септември 2024 година до 9 септември 2024 година

4. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 септември 2024 година до 11 септември 2024 година

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 10 септември 2024 година до 16 септември 2024 година

6. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 12 септември 2024 година до 18 септември 2024 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 17 септември 2024 година до 23 септември 2024 година

8. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 19 септември 2024 година до 25 септември 2024 година

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 24 септември 2024 година до 30 септември 2024 година

10. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 септември 2024 година до 30 септември 2024 година

11. Информација за потребата од доделување на наменски средства во буџетот на Центарот за управување со кризи, за исплата на прекувремена работа на вработените во Центарот, заради справување со кризната состојба при зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија

12. Програма за дополнување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2024 година и Одлука за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2023 година, со предлог - одлуки

13. Годишен извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2021 година, со Предлог - одлука

14. Годишен извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје за 2022 година и Извештај на независен ревизор, со придружни материјали и Предлог-одлука

15. Финансиски извештај за период од 1.10.2023 до 31.12.2023 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје

16. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот од 1 јануари 2024 година - 31 март 2024 година

17. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје, за период од 1 април до 30 јуни 2024 година

18. Годишна сметка за 2023 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип во 2023 година, со Извештај од независниот ревизор, со дополнувањето и предлог – одлуки

19. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година, со придружни материјали

20. Информација со конкретни мерки и активности за постапување по забелешките во Извештајот на независниот ревизор на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје

21. Годишен извештај за работа за 2023 година, Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог - одлуки и дополнување

22. Годишна сметка на АД ТЕЦ Неготино – Неготино за 2023 година, Годишен извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за период 1 од јануари 2023 година до 30 септември 2023 година и финансиски извештаи за годината која завршува на 30 септември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог - одлуки

23. Извештај за работењето на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје во 2023 година, Годишен финансиски извештај за 2023 година, Годишна сметка за 2023 година, Ревизорски извештај за 2023 година и Извештај од извршена контрола од Надзорен одбор, со предлог-одлуки

24. Извештај за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за период од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година

25. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост (МИА), за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година

26. Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, Годишната сметка за 2023 година и ревизорски извештај за финансиското работење на Друштвото изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис аудит Македонија ДОО Скопје, со дополнување и предлог – одлуки

27. Извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2023 година

28. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2023 година

29. Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

30. Годишен извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2023 година

31. Информација во врска со потребата од престанок на користење на недвижна ствар во државна сопственост и пренесување во сопственост на Општина Кавадарци, со предлог-одлуки

32. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на фекална канализација на дел од ул.„Кленоец“ и реконструкција на атмосферска канализација на дел од ул.„Кленоец“, Општина Охрид

33. Информација за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарската општина Чифлик, Општина Чешиново - Облешево, со Предлог - одлука

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Каролина Мицева ул.„Стерјо Несторов“ бр.2, Росоман, со Предлог – одлука

35. Информација за фактичката состојба на кровот на објектот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

36. Информација за бројот на проектни единици и консултанти, намена на проектните единици, број на ангажирани лица, плати и други надоместоци за нивниот ангажман во сите министерства и органи на државната управа, јавните претпријатија, акционерските друштва во државна сопственост и управните организации во Република Северна Македонија, со табеларни прегледи

37. Информација за доделување државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Брејнчајлд продукција увоз-извоз ДОО Битола, со текст на Договор

38. Информација за доделување државна помош на ДМ Бау интернационал ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор

39. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково

40. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка

41. Информација за Пристапниот документ за приклучување на Романија кон Писмото за намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамки на паневропскиот Коридор 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија, потпишан на 10 јули 2024 година, во Вашингтон Д.С.

42. Информација за потребата од овластување на министерот за одбрана за потпишување на писмото за гаранции за потврдување на користење на одбранбените производи финансирани од Владата на Соединетите Американски Држави во врска со Меморандумот за национална безбедност за заштитни мерки и одговорност во однос на пренесени одбранбени производи и одбранбени услуги, со Писмо за гаранции

43. Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО Процесот на одбранбено планирање, чекор 5 и чекор 3 во 2024 година

44. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, со Ревидиран оперативен план

45. Предлог - програма за изменување на Програмата за субвенции од областа на спортот за 2024 година

46. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид

47. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево

48. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Англиски јазик“ на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

49. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

50. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика - Македонска книжевност и култура“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

51. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

52. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

53. Информација за потребата од давање решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-Македонски јазик и лингвистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

54. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Општа и компаративна книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

55. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

56. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - Германска книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

57. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

58. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хидрологија“ на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение

59. Информација за потребата од давање решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Германски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

60. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје

61. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Лирија“, с.Бузалково, Велес)

62. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Васил Главинов“, Велес)

63. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с.Нераште - Теарце)

64. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Димитар Влахов“, Штип)

65. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Алија Авдовиќ“, с.Батинци-Скопје)

66. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“, Ресен)

67. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Атанас Нивичански“, с.Нова Маала, Василево)

68. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ Ц.О. Ранковце)

69. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2023 година

70. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година, финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност за деловната 2024 година

71. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Македонското радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2024 година, со пренамена на средства, со Предлог - одлука

72. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 222 став (1) во делот „процесната“ од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14 и 104/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23)

73. Иницијатива од Друштвото за производство, промет и услуги Горска ДООЕЛ од Скопје, Пелистерка АД Скопје, Мл-Гари ДООЕЛ од Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз-извоз од Кавадарци сите преку адвокат Симона Костадинова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.126/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 213 ставови 16, 17 и 18 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21)

74. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1550, за КО Горно Лисиче-вон град, на КП бр.1037/4, викано место/улица „Калинка“

75. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан, со Имотен лист бр.12184, за КО Сарај, на КП бр.10744/1, викано место/улица „ул. 1 бр. 160 - Љубин, Сарај“

76. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 5499 на КП бр.8921 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров и Имотен лист бр. 5498 на КП бр.8920 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров, викано место/улица „Стоби“

77. Понуда од нотар Артан Раховица од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10266 за КО Куманово, на КП бр.15648, викано место/улица „Крушевска Република“

78. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11548 за КО Долно Лисиче-вонград, на КП бр.933, викано место/улица „Трска“

79. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.69111, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „Ѓорѓи Динката бр.25“

80. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 106389, за КО Центар 1, на КП бр. 5/2 викано место/улица „Самоилова“ и Имотен лист бр. 5423, за КО Центар 1, на КП бр. 5/2, викано место/улица „Самоилова бр.198“

81. Понуда од нотар Симон Зафироски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6014, за КО Драчево 2, на КП бр.690, викано место/улица „Дашкова Црница“

82. Понуда од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 102142, за КО Штип 3, на КП бр. 4761, викано место/улица „Град“

83. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1528 за КО Чаир, на КП бр.365, викано место/улица „А.Турунчиев“, Имотен лист бр.1525 за КО Чаир, на КП бр.367, викано место/улица „А.Турунџиев“ и Имотен лист бр.30967 за КО Чаир, на КП бр.366, викано место/улица „А.Турунџиев 67А“

84. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8179 за КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, на КП бр.679, викано место/улица „Јазик“

85. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.194848, за КО Драчево 2, на КП бр.2547/1 на викано место „Оризница“

86. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254, за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште“

87. Кадровски прашања

88. Прашања и предлози

89. Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија, со Акциски план за спроведување 2022-2023 година

90. Информација за Министерската конференција за интеграција на Ромите во рамките на Берлинскиот процес, одржана на 18 септември 2024 година, во Берлин, Сојузна Република Германија

91. Записник од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 10 октомври 2024 година, со предлог – одлуки

92. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година

93. Предлог – одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година

94. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година

95. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година

96. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година

97. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2024 година

98. Информација за реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 16.10.2024 година, со прилози

99. Информација за статус на проекти во рамки на Повеќегодишна акциска програма за транспорт и животна средина и климатски промени 2014-2020

100. Информација за активирање на работната група за воспоставување на национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

101. Информација за давање согласност за реорганизација на дејностите на дневните болници и Центарот за зависности на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје

102. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

103. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

104. Информација за потребата од обезбедување на втор заем од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, за буџетско финансирање и финансирање на општи цели

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 октомври 2024 година и Записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2024 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 август 2024 година до 11 септември 2024 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 септември 2024 година до 9 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 3 септември 2024 година до 9 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 септември 2024 година до 11 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 5

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 10 септември 2024 година до 16 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 6

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 12 септември 2024 година до 18 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 17 септември 2024 година до 23 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 8

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење

со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 19 септември 2024 година до 25 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 24 септември 2024 година до 30 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 септември 2024 година до 30 септември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доделување на наменски средства во буџетот на Центарот за управување со кризи, за исплата на прекувремена работа на вработените во Центарот, заради справување со кризната состојба при зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, ја усвои и притоа заклучи:

1. Центарот за управување со кризи, да ја разгледа можноста, правото за остварување на додаток на плата за прекувремена работа, да го обезбеди со прераспределба на средства од други расходни ставки или преку користење на слободни денови, согласно укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста потребните средства за тековно работење и намирување на доспеаните обврски на Центарот за управување со кризи, да ги обезбеди во наредниот период со прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 12**

Владата по Програмата за дополнување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2024 година и Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2023 година, со предлог - одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Програмата за дополнување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2024 година.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје во 2023 година.

**Точка 13**

Владата по Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2021 година, со Предлог - одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2021 година.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави акциски план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од Извештајот на независниот ревизор.

Исто така, предлагачот предметниот материјал да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 14

Владата ги разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2022 година и Извештај на независен ревизор, со придружни материјали и Предлог-одлука и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје за 2022 година.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави акциски план со конкретни мерки, активности и рокови за спроведување на забелешките од Извештајот на независниот ревизор.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, Годишниот извештај за реализација на Годишна програма за стопанисување со пасиштата-Скопје за 2022 година да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 15

Владата го разгледа Финансискиот извештај за период од 1.10.2023 до 31.12.2023 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, Финансискиот извештај на претпријатието, за периодот 1 октомври 2023 година – 31 декември 2023 година да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 16

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот 1 јануари 2024 година - 31 март 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи предлагачот, Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот 1 јануари 2024 година - 31 март 2024 година да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје, за период од 1 април до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање, а Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за финансии, за преземање на мерки за подобрување на состојбата со ненаплатените побарувања и навремено покривање на обврските.

Исто така, се укажува Државниот завод за ревизија да направи итна, вонредна ревизија во Јавното претпријатие.

**Точка 18**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2023 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип во 2023 година, со Извештајот од независниот ревизор, со дополнувањето и предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата искажана во Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип.

Истовремено, Владата го задолжи предлагачот, Годишната сметка за 2023 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип во 2023 година, со Извештај од независниот ревизор да ги достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Исто така, се задолжува Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, да подготви и до Владата да достави информација за вкупно останата земјоделска површина која може да се наводнува.

**Точка 19**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година, со придружни материјали, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, согласно укажувањата во Мислењето на Министерството за финансии, да ги намали непродуктивните расходи, имајќи го предвид негативниот финансиски резултат.

2. Го задолжи Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година да го достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата со конкретни мерки и активности за постапување по забелешките во Извештајот на независниот ревизор на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 21

Владата по Годишниот извештај за работа за 2023 година, Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог - одлуки и дополнување, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2023 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

## Точка 22

Владата ги разгледа Годишната сметка на АД ТЕЦ Неготино – Неготино за 2023 година, Годишниот извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за период од 1 јануари 2023 година до 30 септември 2023 година и финансиските извештаи за годината која завршува на 30 септември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог - одлуки и притоа заклучи:

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, да ја забрзаат постапката за истрага за спорна набавка на мазут во текот на Covid кризата, како и да се иницира постапка пред Државната комисија за спречување на

корупцијата и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за испитување на имотната состојба на претходниот директор на АД ТЕЦ Неготино, имајќи ги предвид информациите за неосновано збогатување во текот на неговиот мандат како директор, како и членови на неговото поблиско семејство

2. Се укажува на Државниот завод за ревизија да направи итна, вонредна ревизија во АД ТЕЦ Неготино и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, во однос на присоединувањето на овие две друштва.

## Точка 23

Владата по Извештајот за работењето на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје во 2023 година, Годишниот финансиски извештај за 2023 година, Годишната сметка за 2023 година, Ревизорскиот извештај за 2023 година и Извештајот од извршена контрола од Надзорен одбор, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2023 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост во 2023 година.

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2023 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.

4. Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2023 година.

## Точка 24

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за периодот од 1 јануари 2024 година до 31 март 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 25

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост (МИА), за период од 1 април 2024 година до 30 јуни 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата по Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, Годишната сметка за 2023 година и ревизорскиот извештај за финансиското работење на Друштвото изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис аудит Македонија ДОО Скопје, со дополнување и предлог – одлуки и согласно расправата на седницата на Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за распоредување на добивката на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2023 година.

Исто така, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии во насока надлежните органи на Друштвото да преземат активности во насока на подобро стопанисување и остварување повисоки приходи од дејноста во наредниот период, со оглед на забелешките на ревизорот за високиот износ на тековни обврски и нивното влијание врз деловната активност на Друштвото.

**Точка 27**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за статистика во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата по Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година.

Истовремено, Владата го задолжи Советот за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија, за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, да достави извештај за поднесени иницијативи до Институтотот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за покренати постапки за Ревизорски извештаи за компании, по допрен глас.

**Точка 30**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од престанок на користење на недвижна ствар во државна сопственост и пренесување во сопственост на Општина Кавадарци, со предлог-одлуки ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар во Државниот универзитет Гоце Делчев Штип.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Кавадарци, да се разгледа на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар во Државниот универзитет Гоце Делчев Штип и спроведување на истата во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на фекална канализација на дел од ул.„Кленоец“ и реконструкција на атмосферска канализација на дел од ул.„Кленоец“, Општина Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за реконструкција на фекална канализација на дел од ул.„Кленоец“ и реконструкција на атмосферска канализација на дел од ул.„Кленоец“, Општина Охрид, во вкупна вредност од 21 милиони денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 8 милиони денари со вклучен ДДВ и

- 2025 година – средства во износ од 13 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Го задолжи Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

<u>Точка 33</u>

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарската Општина Чифлик, Општина Чешиново - Облешево, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново - Облешево.

<u>Точка 34</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Каролина Мицева ул.„Стерјо Несторов“ бр.2, Росоман, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

<u>Точка 35</u>

Владата ја разгледа Информацијата за фактичката состојба на кровот на објектот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да направи дефектажа на кровот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со седиште на ул.„Ленинова“ бр.2 Скопје и за тоа на наредната седница на Владата да информира колку финансиски средства се потребни за поправка на истиот.

<u>Точка 36</u>

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на проектни единици и консултанти, намена на проектните единици, број на ангажирани лица, плати и други надоместоци за нивниот ангажман во сите министерства и органи на државната управа, јавните претпријатија, акционерските друштва во државна сопственост и управните организации во Република Северна Македонија, со табеларни прегледи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и органи на државна управа, а им се укажува/препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа наведени во Табела 3, во рок од три дена да постапат согласно Изводокот од Нацрт - записникот на Дваесеттата седница на Владата на Република Северна

Македонија, број 41-8678/1 од 17.9.2024 година и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги достават бараните податоци.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, на првата наредна седница повторно да достави информација до Владата во врска со ова прашање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за доделување државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Брејнчајлд продукција увоз-извоз ДОО Битола, со текст на Договор.

**Точка 38**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за доделување државна помош на ДМ Бау интернационал ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за Пристапниот документ за приклучување на Романија кон Писмото за намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамки на паневропскиот Коридор 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија, потпишан на 10 јули 2024 година, во Вашингтон Д.С. и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Пристапниот документ за приклучување на Романија кон Писмото за намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамки на паневропскиот Коридор 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија, потпишан на 10 јули 2024 година, во Вашингтон Д.С.

2. Го овласти м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, да го потпише Пристапниот документ за приклучување на Романија кон Писмото за намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамки на паневропскиот Коридор 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија, потпишан на 10 јули 2024 година, во Вашингтон Д.С.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од овластување на министерот за одбрана за потпишување на писмото за гаранции за потврдување на користење на одбранбените производи финансирани од Владата на Соединетите Американски Држави во врска со Меморандумот за национална безбедност за заштитни мерки и одговорност во однос на пренесени одбранбени производи и одбранбени услуги, со Писмо за гаранции, ја усвои и го определи министерот за одбрана, м-р Владо Мисајловски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Писмото за гаранции за потврдување на користење на одбранбените производи финансирани од Владата на Соединетите Американски Држави утврдено во одредбите на Меморандумот за национална безбедност за заштитни мерки и одговорност во однос на пренесени одбранбени производи и одбранбени услуги.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на имплементација на обврските од НАТО Процесот на одбранбено планирање, чекор 5 и чекор 3 во 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за одбрана на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана на 17 и 18 октомври 2024 година во Брисел, да ја реафирмира посветеноста на Владата на Република Северна Македонија за навремено и реалистично исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во Алијансата, посебно во испораката на Целите на способности 21 и Заложбата за инвестирање во одбраната од Самитот во Вилнус 2023 година.

2. Се задолжува министерот за одбрана на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана на 17 и 18 октомври 2024 година во Брисел, да ја изрази загриженоста на Владата на Република Северна Македонија за преголемиот товар кој ѝ е доделен на Република Северна Македонија со Предлог-табелите за распределба на способностите 25, посебно во делот на воздухопловните сили чија имплементација ги надминува повеќекратно националните можности, потенцијали, способности и ресурси и може да предизвика сериозно нарушување на имплементацијата на тековните планови за опремување и модернизација на Армијата, со приоритет на испорака на Средната пешадиска баталјонска група – (Land Infantry Battalion Group).

3. Се задолжува Министерството за одбрана редовно да ги следи сите обврски за Република Северна Македонија, да ги информира сите вклучени институции за следните чекори и да го координира целокупниот процес, посебно во пресрет и за време на Здружените билатерални консултации закажани за 26 и 27 март 2025 година во Скопје.

4. Се задолжува Министерството за одбрана по завршувањето на Мултилатералните консултации меѓу НАТО и Република Северна Македонија закажани за 10 јули 2025 година во седиштето на НАТО во Брисел, најдоцна во рок од 30 дена, да ја извести Владата за постигнатиот напредок, преземените обврски од Предлог-целите на способности 25, како и за обврските и задолженијата кои ги имаат и останатите институции вклучени во овој процес.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за субвенции од областа на спортот за 2024 година.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно Мислење од Министерството за финансии за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Програма Т/ТД, Ставка 482 Сметка 637 за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид и тоа: за реконструкција 500.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 18.974.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид со плаќање по времени ситуации во период од 12 месеци со следнава динамика:

- за реконструкција 500.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 18.974.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

*

*        *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година, го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година

Владата по Барањето за измена на заклучоците 1 и 2 од точка 46: „Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид“, од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно Мислење од Министерството за финансии за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Програма Т/ТД, Ставка 482 Сметка 637 за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид и тоа: за реконструкција 100.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 19.374.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид со плаќање по времени ситуации во период од 12 месеци со следнава динамика:

- за реконструкција 100.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 19.374.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.“.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за

образование и наука од Потпрограма ТБ, Сметка 637 за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево , како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и тоа во вкупна вредност за реконструкција 31.999.999,92 денари со вклучен ДДВ и за услуги за вршење на стручно - технички надзор 799.999,98 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 500.000,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 122.033,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и

- за реконструкција 31.499.999,92 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 677.966,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево со плаќање по времени ситуации во период од 10 месеци со следнава динамика: за реконструкција 500.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година, а 31.499.999,92 денари со вклучен ДДВ во 2025 година и за услуги за вршење на стручно - технички надзор 122.033,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и 677.966,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

*

*　　*

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година, го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година

Владата по Барањето за измена на заклучоците 1 и 2 од точка 47: „Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за

образование и наука од Потпрограма ТБ, Сметка 637 за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево , како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и тоа во вкупна вредност за реконструкција 31.999.999,92 денари со вклучен ДДВ и за услуги за вршење на стручно - технички надзор 799.999,98 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 10.000,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 2.500,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и

- за реконструкција 31.989.999,92 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 797.499,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево со плаќање по времени ситуации во период од 10 месеци со следнава динамика:

-за реконструкција 10.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година, а 31.989.999,92 денари со вклучен ДДВ во 2025 година и за услуги за вршење на стручно - технички надзор 2.500,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и 797.499,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.“.

<u>**Точка 48**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Англиски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Англиски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

<u>**Точка 49**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика - Македонска книжевност и култура“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-Македонска книжевност и култура“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик - Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика-Македонски јазик и лингвистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Македонистика - Македонски јазик и лингвистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Општа и компаративна книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Општа и компаративна книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Романистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност - Германска книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Германска книжевност“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за книжевност-Славистика“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хидрологија“ на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хидрологија“ на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Германски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Наука за јазик-Германски јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Лирија“ с.Бузалково, Велес).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Васил Главинов“, Велес).

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с.Нераште - Теарце).

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Димитар Влахов“, Штип).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Алија Авдовиќ", с.Батинци-Скопје).

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ОУ „Гоце Делчев", Ресен).

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Атанас Нивичански", с.Нова Маала, Василево).

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош" Ц.О. Ранковце).

**Точка 69**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Доставениот Извештај претставува ретроспектива на активностите кои Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги има реализирано во текот на 2023 година.

Имајќи предвид дека доставениот Извештај е од информативен карактер и содржи осврт на веќе реализираните активности во 2023 година, а презентираните финансиски показатели се во согласност со трезорската евиденција, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот и дава позитивно мислење.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година, финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност за деловната 2024 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата, финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 288/21), според кој Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со развојот на пазарот на капитал, нормативната дејност, институционалните перформанси на Комисијата, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2023 година Комисијата одобрила 10 емисии на обични акции, а три емисии се однесуваат на издавање на долгорочни хартии од вредност - обврзници и тоа една емисија на перпетуални обврзници, а две емисии на општински обврзници.

Во текот на 2023 година, Комисијата издала четири дозволи за преземање на акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на Македонската берза и преземањето е целосно завршено.

Во рамки на супервизорската функција, во 2023 година Комисијата извршила вкупно 19 контроли над работењето на учесниците на пазарот на капитал.

Од аспект на усогласеноста на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност со законската и подзаконската регулатива, Комисијата спровела вкупно 5 редовни контроли. Од спроведените контроли, Комисијата во 2023 година утврдила определени неправилности во работењето кај овластените учесници во однос на непочитување на законската регулатива. Заради утврдените неправилности, Комисијата има изречено четири мерки кон четири овластени учесници и една мерка спрема депозитарот како резултат на отпочната контрола од претходната година.

Во текот на 2023 година, во однос на усогласеноста на работењето на Друштвата за управување со инвестициски фондови овластени со законската и подзаконската регулатива, Комисијата спровела вкупно две редовни контроли врз работењето на друштвата.

Во текот на 2023 година, Комисијата издала четири дозволи за брокери, обновила две дозволи за работење на брокер, издала пет дозволи за работа на инвестициски советник и четири дозволи за обновување на дозвола за работа на инвестициски советник.

2. Извештај на независен ревизор и финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година.

Според билансот на состојба на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2023 година, Комисијата располага со вкупни средства во износ од 321,5 милиони денари, кои споредено со 2022 година бележат зголемување за 7,96%.
Според Билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2023 година остварила вкупни приходи во износ од 81,3 милиони денари, односно за 14,9% зголемување во однос на 2022 година кога вкупните приходи изнесувале 70,7 милиони денари. Во остварените приходи за 2023 година најголемо учество имаат приходите остварени од провизии и надоместоци во износ од 78,2 милиони денари.

Во 2023 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 77,5 милиони денари и се за 23,4% поголеми во однос на 2022 година кога изнесувале 62,8 милиони денари. Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 2,96 милиони денари и истата е пренесена во резервниот фонд на Комисијата со што вкупниот износ на резервниот фонд на Комисијата во 2023 година изнесува 168,5 милиони денари. Оттука, Владата на Република Северна Македонија предлага да се разгледа можноста за промена во законската регулатива со која се регулира работењето на Комисијата, во насока Комисијата да распредели дел од остварената добивка во Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно Мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Комисијата објективно ја презентираат финансиската состојба, поради што, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

3. Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2024 година

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2024 година, вкупните приходи и расходи се урамнотежени и се планирани во износ од 84,11 милиони денари. Приходите за 2024 година се планира да се остварат од надоместоците за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност, надоместоци за надзор на берзата, депозитарот, брокерските куќи, друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови, надоместоци за одлучување по барање на дозволи, согласности и организирање на обуки, како и други приходи од редовното работење на Комисијата.

По однос на Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност за 2024 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 71

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Македонското радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2024 година, со пренамена на средства, со Предлог - одлука и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), МРТ донесува Годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на МРТ согласно овој закон и финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година групирани по структура и по организациона структура на МРТ, како и предвидените капитални инвестиции на МРТ.

Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на МРТ за наредната година, се доставува и усвоената Годишна програма за работа на МРТ за тековната година, а според став 4 од овој член, финансискиот план од ставот 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во правниот основ за донесување на Предлог одлуката, во заградата, по бројот „154/23", треба да се наведе и бројот „55/24", со оглед дека во овој број на Службен весник на Република Северна Македонија е објавено последното изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со предложените измени, Јавното претпријатие предлага промени на приходната страна, при што наместо првично проектираниот износ на приходи од 1.581.500.000 денари, се предлага истиот да изнесува 1.297.036.000 денари (намалување од 17,9%).

Првично проектираните приходи во висина од 1.185.000.000 денари за финансирање на радиодифузната дејност, како и работата и развојот на МРТ, со измената на Финансискиот план се предлага да бидат во износ од 1.140.536.000 денари, додека средствата за финансирање на програмскиот и техничко-технолошкиот развој од планираните 300.000.000 денари, се намалуваат на 50.000.000 денари. Укажуваме дека согласно мислењето за Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2024 година и Финансискиот план за 2024 година (арх.бр.15-5035/2, врска бр.41.5-11726/2 од 8.11.2023 год), во буџетот на Министерството за дигитална трансформација, вкупниот износ на средства според членот 105 став 1 за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изнесува 1.306.670.000 денари. За постигнување и одржување на поголем

степен на програмски и техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис во буџетот се предвидени 50.000.000 денари.

Претпријатието предлага и промени на расходната страна во насока на нејзино намалување, пред се во делот на расходи за програмски права, расходи на репрезентација, бруто плати и останати трошоци од вработените.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 222 став (1) во делот „процесната" од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14 и 104/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 199/23) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на делот „процесната" од член 222 став (1) од Законот за семејството, кој како што е наведено во поднесокот за дополнување на Иницијативата го оспорува од аспект на повреда на начелото на владеење на правото од член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, според наводите во Иницијативата согласно член 222 став (1) од Законот за семејството во постапките во кои судот одлучува за брачните, семејните и други спорови од овој закон како и за насилството во бракот и семејството се применуваат одредбите од Законот за процесната постапка и Законот за извршување, ако со овој закон не е поинаку определено.

Според подносителот на Иницијативата, членот 222 став (1) од Законот за семејството упатува на примена на пропис, а тоа е Законот за процесната постапка кој како пропис престанал да важи со влегување во сила на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.33/98), односно од 19.7.1998 година.

Во однос на наводите на Иницијативата, Владата на Република Северна Македонија ве информира дека со цел да се создаде сепфатна правна рамка во оваа област, системски усогласена со другите законски прописи, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.38/14).

Во овој закон, во членот 9 се наведува дека низ целиот текст на Законот зборот „процесната" се заменува со зборот „парничната", зборот „вонпроцесна" се заменува со зборот „вонпарнична", а зборовите: „извршната постапка" се заменуваат со зборот „извршување", со што се прави усогласување со постојните законски прописи.

Со оглед на наведеното, во членот 222 став (1) од Законот за семејството не се упатува на примена на Законот за процесната постапка, тука на Законот за парничната постапка кој е во сила и се применува во правниот промет.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорениот дел од член 222 став (1) од Законот за семејството е во согласност со член 8 став (1) и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 222 став (1) во делот „процесната“ од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14 и 104/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23).

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата од Друштвото за производство, промет и услуги Горска ДООЕЛ од Скопје, Пелистерка АД Скопје, Мл-Гари ДООЕЛ од Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз-извоз од Кавадарци сите преку адвокат Симона Костадинова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.126/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 213 ставови 16, 17 и 18 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и притоа го утврди следното мислење:

Според член 8 став 1 алинеи 3, 7, 9 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 55 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Согласно член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење

определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Според ставот 3 од овој член, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.
Со Законот за водите се уредуваат прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во кои што повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води (во натамошниот текст:води), крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите, водостопанските објекти и услуги, организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите.

Во согласност со член 2, целите на Законот за водите се да се обезбеди:

- достапност до доволно количество квалитетна вода, во согласност со начелата за одржливо управување со водите за пиење и за производство на храна, за потребите на земјоделството, индустријата, хидроенергетските потреби, за потребите на парковите и други јавни површини, туризмот, пловидбата и за други потреби,

- заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, подобрување на состојбата на крајбрежното земјиште, водните екосистеми и на екосистемите зависни од водата, заштита и унапредувањето на водната средина преку рационално и одржливо користење на водите, како и прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите,

- ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода и

- заштита и унапредување на животната средина и природата, на водните еко системи и на биолошката разновидност и заштита на здравјето на луѓето.

Во согласност со целите за долгорочна заштита и одржливо користење, управувањето со водите, крајбрежното земјиште и водните живеалишта се заснова на начелата за одржливо управување со водите од член 5 од Законот и тоа:

1. Еколошко-социјален и економски концепт - водите се дел од природните процеси и треба да се заштитуваат како живеалишта на флората и на фауната. Со управувањето со водите се обезбедува остварувањето на јавниот интерес, утврден со овој и со друг закон на начин со кој ќе се обезбеди одржливо управување со водите.

2. Начело на претпазливост - доколку постои ризик дека одредена активност може да предизвика штетното дејство врз водите или штетно дејство од водите, но за тоа нема научни докази, се преземаат мерки засновани на соодветна процена на ризикот,

неопходни за да се обезбеди високо ниво на заштита на водите и од водите, пред да стане достапен научниот доказ дека може да настане штетно дејство.

3. Начело на превенција - неопходните мерки и активности за заштита на водите и за заштита од штетното дејство од водите, крајбрежното земјиште и водните живеалишта, треба да се преземаат во раната фаза, спречувајќи да се појави ризик или да дојде до какви било штетни последици по водите, крајбрежното земјиште и водните живеалишта.

4. Начело на минимизирање на употребата на ресурсите - при вршење на активности кои би можеле да имаат влијание врз водите и животот и здравјето на луѓето, секој е должен да се однесува внимателно и рационално да ги користи водите, да го спречи загадувањето на водите и да избегнува други негативни ефекти и ризици за животот и здравјето на луѓето и за животната средина.

5. Начело на интегрираност - при управувањето со водите мора да се има предвид меѓусебната поврзаност на површинските и на подземните води, нивниот однос со крајбрежното земјиште, водните живеалишта, екосистемите зависни од вода и со другите медиуми на животната средина, согласноста на директно инволвираните институции и корисници и врската со другите сектори, соработката за прашањата на меѓудржавните води, како и интегрирање на мерките и активностите за заштита на водите во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на Република Северна Македонија и единиците на локалната самоуправа.

6. Начело „загадувачот плаќа" - загадувачот на водите и крајбрежното земјиште ги надоместува трошоците за враќање во поранешна состојба на водите и крајбрежното земјиште.

7. Начело „надомест на трошоци" - корисникот на водата ги надоместува сите трошоци кои настанале со давањето на водостопанската услуга во кои се вклучуваат и трошоците на водниот ресурс што го користи и трошоците за животната средина, во согласност со начелото „загадувачот плаќа".

8. Начело на спречување на загадувањето на местото на настанување на загадувањето - емисијата на загадувачки материи и супстанции се спречува на местото на нивното настанување.

9. Начело на временска перспектива - временските рокови во плановите и во одлуките за управување со водите треба да соодветствуваат на временската перспектива на очекуваните ефекти.

10. Начело на учество на јавноста и пристап до информации - јавноста треба да има пристап до сите информации кои се однесуваат на состојбата со водите и управувањето со водите, а особено до информациите кои се потребни за нејзино учество во постапката за донесување на одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите.

11. Начело на учество на заинтересираните страни - надлежните органи се должни да обезбедат дека во постапката за донесување на прописите, стратегиските, планските или програмските документи и одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите, ќе се земат предвид интересите на сите заинтересирани страни и

12. Начело на универзалност на водостопанските услуги - универзалноста на водостопанските услуги се обезбедува преку недискриминација; одржливост на услугата, квалитет и ефикасност; транспарентност; економски прифатлива цена и целосно покривање на областа на извршување на услугата.

Во согласност со член 6 од Законот за водите, водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Северна Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определен со Законот за водите. Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон.

Преку надоместоците за користење на вода се обезбедуваат финансиски средства за управувањето и развој на водите. Во согласност со член 206 од Законот за водите, финансиски средства за управувањето и развој на водите се обезбедуваат од:
1) надоместок за користење вода;
2) надоместок за испуштање на води;
3) надоместок за вадење песок, чакал и камен;
4) закупнина од земјиштетото во сопственост на државата дадено под закуп, а коешто во катастарот за недвижности е заведено „под води";
5) Буџетот на Република Северна Македонија;
6) буџетите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и
7) други финансиски извори во согласност со закон.

Во согласност со член 207 од Законот, обврзници за плаќање на надоместокот за користење на вода се правните и физичките лица кои врз основа на дозвола за користење на води издадена во согласност со овој закон:

1) зафаќаат, црпат, пренасочуваат, акумулираат, складираат или на друг начин користат вода од природни и вештачки површински водни тела заради:

- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот преку јавен водоснабдителен систем, за производство и преработка на храна, за потребите на одбраната и за напојување на добиток,
- наводнување на земјоделско земјиште,
- индустриски и технолошки (стопански) потреби,
- производство на електрична енергија и други погонски потреби,
- флаширање на вода за комерцијални потреби,

- користење на топлинска енергија од геотермални води,
- одгледување на риби и водни птици,
- одводнување на земјиште,
- одржување на водотеци со употреба на хемиски материи и супстанции,
- миење и сепарирање на песок, чакал и камен и
- други активности за кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе оцени дека влијаат врз режимот на водите и/или морфологијата на водното тело и

2) зафаќаат, црпат, пренасочуваат, акумулираат, складираат или на друг начин користат вода од подземно водно тело заради:

- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот преку јавен водоснабдителен систем, за производство и преработка на храна, за потребите на одбраната и за напојување на добиток,
- наводнување на земјоделско земјиште,
- индустриски и технолошки (стопански) потреби,
- флаширање на вода за комерцијални потреби,
- апсорпција на топлинска енергија од геотермални води,
- хидрогеолошки истражувања и собирање на податоци и
- други активности за кои органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ќе оцени дека влијаат врз режимот на водите и/или морфологијата на водното тело.

Средствата од надоместоците се користат за управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои согласно со овој или друг закон имаат соодветни надлежности во управувањето со води, односно вршење на одделни активности во врска со водите.

Средствата од надоместоците за користење на води за флаширање за комерцијални потреби, во согласност со член 212 став 3, се користат за контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резервите на вода и нивното рационално користење и за хидрогеолошки и други истражувања, а дел од нив се распределуваат преку Програмата за управување со водите.

Неосновани се наводите на подносителите на Иницијативата, дека со оспорените одредби се воведуваат дополнителни концесиски надоместоци, со кои во услови на склучени договори за концесија, на концесионерите им е наметната нова обврска. Надоместоците за користење на вода, вклучително и надоместокот за користење на вода за флаширање била определена и со претходниот Закон за води и истата се пресметувала и плаќала, сметано од 18.4.2006 година. Воведувањето на овие надоместоци е во согласност со начелата за одржливо управување со водите, вклучително начелото „загадувачот плаќа“ и начелото „надомест на трошоци“ кои произлегуваат од Рамковната директива за води 2000/60/ЕС, а се интегрирани во членот 5 од Законот за водите.

Согласно начело „загадувачот плаќа“ - загадувачот на водите и крајбрежното земјиште ги надоместува трошоците за враќање во поранешна состојба на водите и крајбрежното земјиште, додека со начело „надомест на трошоци“ - корисникот на водата ги надоместува сите трошоци кои настанале со давањето на водостопанската услуга во кои се вклучуваат и трошоците на водниот ресурс што го користи и трошоците за животната средина, во согласност со начелото „загадувачот плаќа“.

Наспроти надоместокот за користење на водите, предвиден врз основа на начелата за одрживо управување со водите, концесискиот надоместок е надоместок кој произлегува од Договорот за концесија на добра од општ интерес, како двостран договор, каде концедентот во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и посебните закони на концесионерот му доделува право на користење на добра од општ интерес, а концесионерот презема обврска да плаќа соодветен концесиски надоместок.

Во прилог на наведеното е и одредбата од член 58 од Законот за водите, согласно која покрај надоместокот кој се плаќа за користење на водата врз основа на дозволата за користење на водата и други надоместоци утврдени со закон, концесионерот плаќа концесиски надоместок во зависност од видот на трговската дејност. Во оваа одредба е јасно кажано дека висината на концесискиот надоместок се утврдува во концесискиот договор, а надоместокот за користење на вода, се определува со дозволата за користење на вода.

Подносителите на Иницијативата како причини за оспорување на одредбите од член 213 ставовите 16, 17 и 18 го наведуваат член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, каде како темелна вредност е наведено владеење на правото. Според подносителите на Иницијативата во конкретниот случај се работи за воведување двојни надоместоци по ист основ – флаширање на вода, што е сосема погрешно и неточно читање на законските одредби. Основ за плаќање на надоместокот за користење на водите е користењето на водата за која било намена, при што во членот 213 се содржани одредби за начинот на пресметување и уплата на надоместоците, во функција на обезбедување на материјална основа и финансирање на управувањето и развојот на водите. Ова секако е во согласност со уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како една од темелните вредности во Уставот на Република Северна Македонија (член 8 став 1 алинеја 10).

Наводите на подносителот за неусогласеност на наведените одредби со член 30, со кој се гарантира право на сопственост и право на наследување, а дека со воведувањето на обврската за плаќање на надоместокот за користење на вода се одзема имотот на сопствениците, односно компаниите, се неосновани.

Согласно член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита.

Според ставот 3 од овој член, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење. Во конкретниот случај начинот и условите за користење на водите, како добра од општ интерес се уредува со Законот за водите.

Во прилог кон наводите дека оспорените законски одредби се во спротивност со член 55 од Уставот, со кој се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, при што Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополско однесување на пазарот, подносителите на Иницијативата истакнуваат дека со надоместокот за водите „се создава правна несигурност кај обврзниците, затоа што се обврзуваат повторно да плаќаат нешто, што веќе го платиле“. Наведуваат дека со воведувањето на надоместокот за користење на водите се нарушува концептот за правна сигурност и легитимните очекувања кои ги имаат подносителите на Иницијативата и сите концесионери врз основа на склучени договори за концесии. Наводите дека „Во услови на веќе склучен договор и заснован правен однос, во комплетна неизвесност во 2014 година со Законот за водите се воведува комплетно нова давачка“ се неиздржани. Како што е потенцирано погоре, обврската за плаќање на надоместоци за користење на вода за флаширање за комерцијални потреби е воведена во 2006 година, а е предвидена со Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08), кој започнува со примена од 1.1.2011 година. Во периодот од 2006 година до денес, сите корисници на вода за флаширање на вода за комерцијални потреби имаат обврска да плаќаат надоместок, при што наведената обврска им е позната уште пред склучување на договорот за концесија за експлоатација за минерални суровини и пред започнување со експлоатација.

Напорите на концесионерите да се изземат од обврска за плаќање на надоместоци, водат кон нивно поставување во повластена положба во однос на сите други корисници на вода и правни и физички лица кои пресметуваат и плаќаат соодветен надоместок за користење на водите, во зависност од намената за која се користи водата.

Врз основа на сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на овој член од Законот.

<u>**Точка 74**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1550, за КО Горно Лисиче-вон град, на КП бр.1037/4, викано место/улица „Калинка“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан, со Имотен лист бр.12184, за КО Сарај, на КП бр.10744/1, викано место/улица „ул. 1 бр. 160 - Љубин, Сарај“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското руштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 5499 на КП бр.8921 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров и Имотен лист бр.5498 на КП бр.8920 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров, викано место/улица „Стоби“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Артан Раховица од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10266 за КО Куманово, на КП бр.15648, викано место/улица „Крушевска Република“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11548 за КО Долно Лисиче-вонград, на КП бр.933, викано место/улица „Трска“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.69111, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „Ѓорѓи Динката бр.25“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 106389, за КО Центар 1, на КП бр. 5/2 викано место/улица „Самоилова“ и Имотен лист бр. 5423, за КО Центар 1, на КП бр. 5/2, викано место/улица „Самоилова бр.198“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафироски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6014, за КО Драчево 2, на КП бр.690, викано место/улица „Дашкова Црница“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 82

Владата ја разгледа Понудата од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 102142, за КО Штип 3, на КП бр. 4761, викано место/улица „Град“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 83

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1528 за КО Чаир, на КП бр.365, викано место/улица „А.Турунчиев“, Имотен лист бр.1525 за КО Чаир, на КП бр.367, викано место/улица „А.Турунџиев“ и Имотен лист бр.30967 за КО Чаир, на КП бр.366, викано место/улица „А.Турунџиев 67А“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

## Точка 84

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8179 за КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, на КП бр.679, викано место/улица „Јазик“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.194848, за КО Драчево 2, на КП бр.2547/1 на викано место „Оризница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Василевски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254, за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 87**

1. Владата за членови на Комисијата за селекција по објавен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија, ги именува:

за претседател,
- Благоја Ташаминов
за заменик - претседател
-Анета Стојановска

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
-Марија Апостолова, за член
-Дејан Герасимовски, за заменик - член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата
-Надица Апостоловска, за член
-Македонка Тимова, за заменик - член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
-Шиќири Коруми, за член
-Љупчо Камчев, за заменик - член

од редот на вработените Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о
-Перо Ристоски, за член
-Мимоза Бела, за заменик - член

од редот на вработените во Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје
-Тони Ѓуревски, за член
-Цена Поповска, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о. Скопје
-Јаготка Ивановска, за член
Сашка Стојменова, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје
-Амир Беџети, за член
-Татјана Милчевска, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро –Берза – Скопје
-Марјан Цавироски, за член
-Нухи Зекири, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип
-Маја Стојчева, за член
-Марија Насевска, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија"
-Клементина Брзаковска, за член
-Сашо Кукески, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес
-Игор Стојанов, за член
-Тони Димески, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие „Стрежево" – Битола
-Биљана Георгиевска, за член
-Александар Вангеловски, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје
-Гоце Ставревски, за член
-Билјана Стефковска, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта
-Ванчо Милевски, за член
-Кирил Каркалашев, за заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие колекторски систем
-Христијан Ристески, за член
-Владо Пипиле, за заменик - член

2. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медумска информативна Агенција“, Скопје, во државна сопственост, ги отповика:

-Александра Мицоска Митевска,
-Мери Илиќ,
-Стојанче Наумов и
-Татјана Поповска од независен член

2.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медумска информативна агенција“, Скопје, во државна сопственост, ги избра:

-Борис Јосифовски,
-Воислав Цветковски,
-Љубица Томиќ за независен и
-Верица Иванова

3. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, ги отповика:

-Горан Шумански,
-Донче Бибановски,
-Мујдин Зибери и
-Стефан Трајковски

3.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, ги избра:

-Лидија Водјаник,
-Наташа Ѓорѓиева Божинов,
-Хермина Николовска и
-Стефан Трајковски

4.Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем ги разреши:

-Сашо Јанчевски,
-Гордана Јованоска и
-Ален Цановски

4.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:

-Катерина Петреска Ристески,
-Весна Лекоска и
-Тони Иваноски.

5.Владата од должноста членови и вршител на дожлноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје ги разреши:

-Билјана Боцеска,
-Маја Герасимовска,
-Ерзана Спахо од вршител на должноста член,
-Сеида Џигал и
-Дионис Танаскоски.

5.1 .Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје ги именува:

-Гоце Мавчев,
-Никола Ивановски,
-Игор Милошевски,
-Панче Јанев и
-Даниел Георгијевски.

6. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје ги разреши:

-Дрита Мифтари,
-Даниела Велковска,
-Златко Цветкоски и
-Снежана Будимовска.

6.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје ги именува:

-Татјана Спасеска,
-Катерина Бојковска,
-Горде Стојановска,
-Слаџана Куиќ и
-Сафије Иљази Мифтари.

7. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта ги разреши:

-Димитар Кузмановски,
-Горан Давидовски и
-Осман Мислими

7.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта ги именува:
-Дејан Михајлов и
-Жанета Делова.

8.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги разреши:

-Недим Цаноски,
-Роберт Бешовски,
-Мисрете Едипи и
-Чедо Крстевски.

8.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги именува:

-Андреј Весов, од Министерството за правда
-Феузи Џафери, од Министерството за животна средина и просторно планирање,
-Миладин Наумоски, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
-Андреј Ангеловски, од Министерството за финансии.

9.Владата од должноста претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, ги разреши:

а)од претседател
-Павле Секуловски
б)од членови
-Христина Видојевска,
-Живка Јанева,
-Африм Османи,
-Руждија Рушитоски,
-Михајло Евросимовски,
-Велимир Петровски,
-Ташко Ризов,
-Александра Грозданова,
-Татјана Тасевска,
-Теодор Шутаров

9.1 Владата за претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател:
- Биљана Стоиловска
б) за членови:
- Борче Тодоров,
- Елена Тасевска,
- Бошко Милески,
- Трпе Ристоски,
- Пенка Мукаетова,
- Емилија Тодоровска,
- Исмаил Ферати,
- Сеат Исмаили и
- Татјана Тасевска.

10. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, ги разреши:

- Валериј Пенев,
- Живко Спасески,
- Мишко Ралев,
- Барбуќе Хаџијаха и
- Ана Ѓорѓиоска.

10.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, ги именува:

- Ајљин Исаки Мухареми од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Беким Муареми, од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Магдалена Чурилов од Министерството за транспорт,
- Весна Андриевска од Министерството за транспорт и
- Анета Велковска надворешен член.

11.Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје, ги разреши:

- Горан Лисичков,
- Ристо Пецов,
- Серафим Георгиевски,
- Егзона Локи и
- Рукије Асани.

12. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институтот за национална историја – Скопје бр.02-248/3 од 24.9.2024 година со која за директор на Јавната научна установа Институт за национална историја – Скопје е избран проф. д-р Митко Панов.

13. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно средно училиште Математичко-информатичка гимназија, ги разреши:

- Драган Алексовски,
- Марина Пешовска и
- Изет Ризаху.

13.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно средно училиште Математичко-информатичка гимназија, ги именува:

- Маја Кондовска,
- Оливера Караманова и
- Ферди Бафтија.

14. Владата од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „д-р Златан Сремец“ - Скопје, ја разреши Силвана Блажевска.

14.1 Владата за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „д-р Златан Сремец“ - Скопје, ја именува Елена Пановска.

15. Владата од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“- Скопје, го разреши Семир Пајазити, поради истек на мандатот.

15.1 Владата за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“- Скопје, го именува Зоран Ивановски.

16. Владата од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Маца Ѓорѓиева Овчарова“ – Велес, го разреши Јован Јовановски.

16.1 Владата за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Маца Ѓорѓиева Овчарова“ – Велес ја именува Каљопа Семјановска.

17. Владата ја разреши Светлана Мазгалоска Вучетиќ од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Св. Климент Охридски“ - Ново Село, поради истек на мандатот.

17.1 Владата за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Св. Климент Охридски“ - Ново Село, ја именува Павлина Георгиева.

18. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државен Музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, ги разреши:

- Сања Стефанова,
- Весна Михајовска Куновска и
- Јадранка Тодорова.

18.1 Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државен Музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски-Луј“ – Скопје, ги именува:

- Милка Стојковска,
- Наде Поп Гаврилова и
- Ивана Топалоска

19. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, ги разреши:
- Дино Хот, на негово барање,
- Моника Николовска Гајдов,
- Кристина Пеповска,
- Марјан Дамјановски,
- Џеваир Камбери,
- Орце Симов и
- Касам Шакири поради истек на мандат.

19.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, ги именува:
- Слободан Блажевски,
- Катерина Каркалашева,
- Слаѓана Иваноска,
- Моника Николовска Гајдов,
- Јумни Адеми,
- Ѓорѓи Трендафилов и
- Даниела Михајловска Василевска.

20. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ - од редот на вработените на предлог на Советот на вработените ги именува:

- Стевчо Крстев,
- Билјана Стојановска и
- Весна Стоименовска Атанасов.

21. Владата од должноста директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија го разреши Зарко Милошевски.

21.1 Владата го именува Бојан Христовски за директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата, како и зголемување на 30% на платата на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

22. Владата на Наумче Мојсоски, на кој му престана функцијата директор на Агенцијата за млади и спорт , согласно закон му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 31.7.2024 година до 30.7.2025 година.

23. Владата на Уљуси Бекири, на кој му престана функцијата вршител на должноста директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви согласно закон, му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 16.7.2024 година до 15.7.2025 година.

24. Владата го одби Барањето бр.14-8002/1 од 30.8.2024 година, поднесено од Дејанчо Цветановски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

25. Владата го одби Барањето бр.14-8293/1 од 5.9.2024 година, поднесено од Дритон Небиу, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

26. Владата го одби Барањето бр.14-8213/1 од 3.9.2024 година, поднесено од Ернад Фејзула, разрешен од должноста заменик на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

27. Владата го одби Барањето бр.14-8452/1 од 11.9.2024 година, поднесено од Алија Камбероски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

28. Владата го одби Барањето бр.14-8413/1 од 11.9.2024 година, поднесено од Зулфиќар Зејнулаи, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

29. Владата го одби Барањето бр.14-8545 /1 од 13.9.2024 година, поднесено од Џемил Ќамили, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување и развојот на земјоделството -Битола, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

30.Владата го одби Барањето бр.14-8669/1 од 17.9.2024 година, поднесено од Горан Устијаноски, разрешен од должноста капетан на Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

31. Владата го одби Барањето бр.14-8842/1 од 23.9.2024 година, поднесено од Даријан Сотировски, разрешен од должноста директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

32. Владата го одби Барањето бр.14-6099/1 од 17.7.2024 година, поднесено од Рамадан Рамадани, разрешен од должноста национален координатор за кохезија, за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

33. Владата го одби Барањето бр.14-9941/1 од 8.10.2024 година, поднесено од Бесир Деари, разрешен од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии за остварување право на плата по престанок на функцијата, како неосновано.

34. Владата на предлог на генералниот секретар, заклучи на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 7 (седум) члена на Управниот одбор и 3 (три) члена на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење во јавните претпријатија основани од Владата и тоа:

1) Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.;
2) Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје;
3) Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје;
4) Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје;
5) Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип;
6) ЈП за водостопанство „Лисиче“ – Велес;
7) Јавно претпријатие „Стрежево“ – Битола;
8) Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје;
9) Јавно претпријатие за државни патишта;
10) Јавно претпријатие Колекторски систем;

35. Владата на предлог на генералниот секретар, заклучи на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 (пет) члена на Управниот одбор и 3 (три) члена на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро –Берза“ – Скопје.

36. Владата на предлог на генералниот секретар, заклучи на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 4 (четири) члена на Управниот одбор – од редот на афирмирани и стручни лица и 5 (пет) члена на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## Точка 88

**1.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, повторно ги информираше членовите на Владата, дека последниот четврток од октомври, односно на 31 октомври 2024 година, во Собранието на Република Северна Македонија ќе се одржи седница за поставување на пратенички прашања.

**2.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година, донесен по точка 3 „Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет (637))“, го прифати Барањето и заклучи вториот став од истиот да изостане.

**3.** По повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии во врска со приходите кои одредени институции ги остваруваат од вршењето на својата дејност, а кои не се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно важечките закони во соодветните области, Владата го задолжи Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви материјал со преглед на закони во кои се содржани вакви одредби со содветни предлози за можноста за нивно изменување и истиот да се разгледа на некоја од наредните седници на Владата.

**4.** Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со протекувањето на кровот на зградата на Владата, ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да изврши реконструкција и санација на целиот кров на објектот на Владата.

**5.** Владата по Информацијата за свечен настан со официјално отворање на Меѓународната научна конференција по повод 80 години од одржувањето на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), во организација на ЈНУ Институт за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите, со Барање на финансиска поддршка, заклучи Владата да биде покровител на настанот и донесе:

1) Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за Државен архив на Република Северна Македонија.

2) Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

**<u>Точка 89</u>**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија, со Акциски план за спроведување 2022-2023 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 90</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Министерската конференција за интеграција на Ромите во рамките на Берлинскиот процес, одржана на 18 септември 2024 година, во Берлин, Сојузна Република Германија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 91</u>**

Владата го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 10 октомври 2024 година, со предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 10 октомври 2024 година.

2. Го разгледа Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, го утврди со заклучок текстот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Арбен Таравари, министер за здравство, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

3. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, е до 30 април 2025 година.

4. За операционализација на Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

5. Го разгледа Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово, го утврди со заклучок текстот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Арбен Таравари, министер за здравство, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

6. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово, е до 30 април 2025 година.

7. За операционализација на Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна

Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

8. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

9. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за реализација на Барањето од Управата за извршување на санкции и КПУ КПД Идризово бр.03-11908/1 од 24.9.2024 година за нови вработувања, како и материјални средства и опрема неопходни за одржување на редот и безбедноста на КПУ КПД Идризово.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година и ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година и ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2024 година.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 16.10.2024 година, со прилози и заклучи Предлог – заклучоците да се усогласат со Министерството за финансии.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на проекти во рамки на Повеќегодишна акциска програма за транспорт и животна средина и климатски промени 2014-2020 и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави последен статус на тендерски постапки од проекти во рамки на Повеќегодишната акциска програма за транспорт и животна средина и климатски промени 2014-2020, најдоцна до 31 октомври 2024 година до Националната ИПА канцеларија.

2. Се задолжува Министерството за финансии да направи финансиски пресек по активности на искористените ИПА алокации, преостанати ИПА средства, ИПА средства под ризик за decommitment (ризик за губење) и потребните средства од национално кофинансирање, најдоцна до 31 октомври 2024 година, и да го достави до Националната ИПА канцеларија.

3. Се задолжува Министерството за транспорт да информира како ќе се врши реализацијата на Проектот за изградба на железничката делница Крива Паланка-граница со Република Бугарија, во рамки на периодот подобен за користење на алокацијата од 2019 година, согласно правилото Н+5 и најдоцна до 8 ноември 2024 година за тоа да ја информира Националната ИПА канцеларија.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да информира за динамиката на реализација на проектите за пречистителни станици во Битола и Тетово во рамки на периодот подобен за користење на алокацијата од 2019 година, согласно правилото Н+5 и најдоцна до 8 ноември 2024 година за тоа до ја информира Националната ИПА канцеларија.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања да направи консултации со Делегацијата на ЕУ со барање за промена на Финансиската спогодба за Повеќегодишна акциска програма за Северна Македонија за Животна средина и Климатски промени и Транспорт за 2014-2020 година, ИПА/2014/037-702 во однос на алокациите по години и по активности и во однос на рокот за подобност за користење на ИПА средствата, најдоцна до 20 ноември 2024 година за тоа да ја информира Владата.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за активирање на работната група за воспоставување на национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за европски прашања да формира работна група за воспоставување на механизам за проверка на странски инвестици.

**Точка 101**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за реорганизација на дејностите на дневните болници и Центарот за зависности на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" – Скопје, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 102**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, поради потребата истиот да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 103**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита поради потребата истиот да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на втор заем од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, за буџетско финансирање и финансирање на општи цели и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од пет дена, да подготви и достави барање до Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност за обезбедување на втор заем во износ од 500 милиони евра, кој ќе биде наменет за буџетско финансирање и финансирање на општи цели.

2. Се задолжува Министерството за финансии, веднаш по добивање на позитивен одговор од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, да ги преземе сите потребни активности за спроведување на преговорите за усогласување на текстот на договорот за заем.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 10 дена од завршување на преговорите со Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, да подготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија и да го достави на разгледување до Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |